Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 април 2025 година

Скопје, април 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 април 2025 година**

Седницата започна во 12 : 15 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и двајца претставници од Градски трговски центар.

Од седницата отсуствуваа Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Горан Минчев, министер за

јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог - програма за финансирање на патна инфраструктура за проектот - Коридор 8 и Коридор 10д за 2025 година

2. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажна цена на станбен простор наменет за продажба (КП бр.733/5, КО Кисела Вода 2)

3. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажна цена на станбен простор наменет за продажба (КП бр.5406/4, КО Охрид 4)

4. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (КП бр.15042/1, КО Прилеп)

5. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (КП 446/0, КО Кисела Вода 2)

6. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје (КП бр.13700, КО Кочани)

7. Информација за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Друштвото за транспорт, производство, трговија и услуги Еуро петрол ДОО с. Чешиново, Чешиново-Облешево по пат на непосредна спогодба за оформување на градежна парцела бр.1.1, кое има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела за градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое претставува КП бр.365/2, КП бр.365/3 и КП бр.366, КО Крупиште согласно Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.10–подземни и надземни складишта за нафта и нафтени производи со капацитет до 1000 тони, со бр.04/2022 од август 2022 година, одобрен од страна на градоначалникот на Општина Карбинци со Решение бр. УП.I.бр.11-66 од 25.11.2022 година, за изградба на објект од јавен интерес со намена Е1.10–подземни и надземни складишта за нафта и нафтени производи со капацитет до 1000 тони, со Предлог-одлука

8. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Зрновци)

9. Информација во врска со Известувањето од страна на адвокатската куќа Fenwick Elliott за ангажирање на експерт за компјутерска форензика во арбитражната постапка која произлегува од раскинување на Договорот за изведба на Клиничка болница Штип, ICC Case Number 28278/ELU

10. Информација за доделување на опрема од договор за јавна набавка на општините и јавните комунални претпријатија, со предлог - одлуки

11. Информација за одобрување на Новата генерација акциски планови 2025-2027 на Транспортната заедница, со текст на акциски планови и прилог

12. Предлог - одлука за висината на надоместокот за полагање испит за стекнување звање управувач на чамец и за висината на надоместокот за работата на Комисијата за полагање испит за стекнување звање управувач на чамец

13. Барање за давање на автентично толкување на член 353 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 36/23 и 188/23), поднесено од пратеникот Силвана Ангелевска

14. Иницијатива од Александра Илиева Милчова, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.16/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10), Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.169/10, 53/11, 112/14) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/22 и 154/23) и оценување на уставноста и законитоста на Правилникот за начинот на вршењето на надзорот над работењето на финансиските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.107/24)

15. Иницијатива од Александра Илиева Милчова, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.19/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/22)

16. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.12/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на точка 1 од Одлуката за давање согласност за присоединување на Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз Боров дол ДООЕЛ Радовиш кон Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш, бр.41-12385/7 од 31 декември 2024 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.2/2025 од 3 јануари 2025 година и оценување на уставноста на членот 34 став 5 во делот „следува надоместок" од Законот за минерални суровини (*)(„Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 7/19, 99/22, 129/23, 253/23 и 147/24)

17. Иницијатива од Владо Мицковски од с.Вранештица, Кичево, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.6/2025 за оценување на уставноста на членот 67 став 4 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.274/22 и 255/24)

18. Иницијатива од Јовица Јовевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.15/2025 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 30 став (1) и став (2) од Законот за вршење на сметководствени работи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.173/22 и 47/25)

19. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1903 за КО Бардовци, на КП бр.695, викано место/улица „Шамак“

20. Известување од извршител Гордан Станковиќ, од Скопје, доставено под И бр.1504/18 за Заклучок за трета усна јавна продажба, која ќе се одржи на 2 април 2025 година, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1426, за КО Јурумлери-Вонград, на КП бр.577/1 и КП бр.577/2, викано место/улица „Солен Вир“

21. Кадровски прашања

22. Прашања и предлози

23. Информација во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле“ – Охрид, заклучно со декември 2024 година на ТАВ Македонија

24. Информација за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Кочани, со Предлог - одлука

25. Информација во врска со потребата од спроведување на постапка за јавна набавка на правни и инженерски консултантски услуги за инфраструктурни и други проекти според FIDIC договори

26. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на главен колектор и станица за пречистување на отпадни води во с. Трпејца, Општина Охрид – I фаза

27. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Реконструкција на водовод и фекална канализација на ул. „АСНОМ“, ул. „Боро Милевски“, ул. „Рудо“, ул. „Христијан Тодоровски Карпош“ и за Ромска населба „Света Недела“ и реконструкција на водоснабдување на м.в. Новакова Чешма и м.в. Плуждино, во Општина Штип

28. Информација за содржината на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи во областа на културата за 2025 година, со Предлог - одлука

29. Информација во врска со доставените писма за интерес од единиците на локалната самоуправа за потребата од набавка на еколошки автобуси за јавен превоз, со табеларен преглед

30. Информација за статус на големиот ИПА проект „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и проширување на канализационата мрежа во Тетово“

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Програмата за финансирање на патна инфраструктура за проектот - Коридор 8 и Коридор 10д за 2025 година.

**Точка 2**

Владата ги донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажна цена на станбен простор наменет за продажба (КП бр.733/5, КО Кисела Вода 2).

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажна цена на станбен простор наменет за продажба (КП бр.5406/4, КО Охрид 4).

**Точка 4**

Владата ги разгледа Предлог - одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог - одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (КП бр.15042/1, КО Прилеп) и условно ги донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба, доколку Државното правобранителство на Република Северна Македонија достави позитивно мислење по истите.

*

*        *

Притоа, Државното правобранителство на Република Северна Македонија достави негативно мислење по предлог - одлуките и поради тоа истите не може да се реализираат.

## Точка 5

Владата ги разгледа Предлог - одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог - одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (ул. „Анастас Митрев“ бр.3, Скопје, ИЛ бр.128094, на КП бр.446/0, Кисела Вода 2) и условно ги донесе одлуките, доколку Државното правобранителство на Република Северна Македонија, достави позитивно мислење по истите.

## Точка 6

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје (КП бр.13700, КО Кочани).

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Друштвото за транспорт, производство, трговија и услуги Еуро петрол ДОО с. Чешиново, Чешиново-Облешево по пат на непосредна спогодба за оформување на градежна парцела бр.1.1, кое има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела за градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое претставува КП бр.365/2, КП бр.365/3 и КП бр.366, КО Крупиште согласно Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.10–подземни и надземни складишта за нафта и нафтени производи со капацитет до 1000 тони, со бр.04/2022 од август 2022 година, одобрен од страна на градоначалникот на Општина Карбинци со Решение бр. УП.I.бр.11-66 од 25.11.2022 година, за изградба на објект од јавен интерес со намена Е1.10–подземни и надземни складишта за нафта и нафтени производи со капацитет до 1000 тони, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

## Точка 8

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Зрновци).

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Известувањето од страна на адвокатската куќа Fenwick Elliott за ангажирање на експерт за компјутерска форензика во арбитражната постапка која произлегува од раскинување на Договорот за изведба на Клиничка болница Штип, ICC Case Number 28278/ELU и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за ангажирање на предложениот експерт за компјутерска форензика – Г.Трент Витборн од МекгратНикол.

2. Се задолжува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, во рок од 5 дена да ги извести правните застапници на Министерството за здравство во овој арбитражен предмет, адвокатската куќа Fenwick Elliott за дадената согласност за ангажирање на предложениот експерт.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на опрема од договор за јавна набавка на општините и јавните комунални претпријатија, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром.

2. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Арачиново.

3. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово.

4. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола.

5. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Богданци.

6. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње.

7. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово.

8. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница.

9. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел.

10. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово.

11. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Василево.

12. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Вевчани.

13. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес.

14. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница.

15. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште.

16. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба.

17. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија.

18. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров.

19. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар.

20. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Градско.

21. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебар.

22. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебрца.

23. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево.

24. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Капија.

25. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар.

26. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дојран.

27. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Долнени.

28. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Желино.

29. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Зелениково.

30. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Зрновци.

31. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден.

32. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Јегуновце.

33. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци.

34. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карбинци.

35. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош.

36. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода.

37. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево.

38. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Конче.

39. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани.

40. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово.

41. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка.

42. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кривогаштани.

43. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево.

44. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово.

45. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково.

46. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Лозово.

47. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Маврово и Ростуше.

48. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонска Каменица.

49. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод.

50. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила.

51. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино.

52. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Новаци.

53. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ново Село.

54. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид.

55. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Петровец.

56. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пехчево.

57. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пласница.

58. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп.

59. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип.

60. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш.

61. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ранковце.

62. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен.

63. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Росоман.

64. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај.

65. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе.

66. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сопиште.

67. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Старо Нагоричане.

68. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга.

69. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица.

70. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Студеничани.

71. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце.

72. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово.

73. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар Жупа.

74. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар.

75. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир.

76. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чашка.

77. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чешиново-Облешево.

78. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чучер-Сандево.

79. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип.

80. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Шуто Оризари.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на Новата генерација акциски планови 2025-2027 на Транспортната заедница, со текст на акциски планови и прилог и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за прифаќање на Новата генерација акциски планови 2025-2027, и тоа: Акциски план од следната генерација за железници, Акциски план од следната генерација за патишта, Акциски план од следната генерација за безбедност на патиштата, Акциски план од следната генерација за воден транспорт и мултимодалност и Акциски план од следната генерација за олеснување на транспортот и истите ги прифати.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да продолжи активно да учествува во телата на Постојаниот секретаријат на Транспортна заедница.

3. Се задолжува Министерството за транспорт еднаш годишно до Владата да доставува информација во врска со реализација на мерките од Акцискиот план од следната генерација за железници, Акцискиот план од следната генерација за патишта, Акцискиот план од следната генерација за безбедност на патиштата, Акцискиот план од следната генерација за воден транспорт и мултимодалност и Акцискиот план од следната генерација за олеснување на транспортот.



Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, 1000 Скопје | www.vlada.mk | info@vlada.mk

## Точка 12

Владата ја донесе Одлуката за висината на надоместокот за полагање испит за стекнување звање управувач на чамец и за висината на надоместокот за работата на Комисијата за полагање испит за стекнување звање управувач на чамец.

## Точка 13

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 353 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 36/23 и 188/23), поднесено од пратеникот Силвана Ангелевска и по истото му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да даде автентично толкување по Барањето за давање на автентично толкување на член 353 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 36/23 и 188/23), поднесено од пратеникот Силвана Ангелевска.

## Точка 14

Владата ја разгледа Иницијативата од Александра Илиева Милчова, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.16/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10), Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.169/10, 53/11, 112/14) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/22 и 154/23) и оценување на уставноста и законитоста на Правилникот за начинот на вршењето на надзорот над работењето на финансиските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.107/24) и притоа го утврди следното мислење:

Според наводите во Иницијативата подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за финансиските друштва и Правилникот за вршење надзор над работењето на финансиските друштва, поради тоа што смета дека оспорените одредби се во спротивност со одредбите на член 60 ставови 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно Иницијативата, подносителот од материјален-правен аспект наведува дека по разгледување на законската регулатива како и на Правилникот за вршење на надзор над работењето на финансиските друштва се констатира дека од самото основање со законската регулатива, егзистирањето на овие правни субјекти на кои се применува Законот за трговски друштва е спротивно на Уставот на Република Северна Македонија и монетарната политика на државата и поради тоа, нивното функционирање, со оглед на тоа да се погрешно устроени со законот, предизвикува големи финансиски последици за граѓаните, штета, а честопати

потребно е да се водат и кривични постапки, заради што подносителот предлага целосно поништување на Законот и конкретниот подзаконски акт.

Имено, подносителот цитира дека согласно член 60 од Уставот на Република Северна Македонија, Народната банка на Република Северна Македонија е емисиона банка. Народната банка на Република Северна Македонија е самостојна и одговорна за стабилноста на валутата, за монетарната политика и за општата ликвидност на плаќањата во Републиката и кон странство и организацијата и работата на Народната банка на Република Северна Македонија се уредуваат со закон.

Дополнително, подносителот на Иницијативата укажува дека со измените на Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23), е извршено усогласување на одредбите на начин што е потребна и дозвола од Народната банка на Република Северна Македонија за работа на овие друштва, но контролата на работа останува целосно во надлежност на Министерството за финансии како извршна власт, видно и од Правилникот за начинот на вршење надзор над работењето на финансиските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.107/24).

Исто така, подносителот на Иницијативата укажува дека во оваа поставеност важно е да се напомене дека монетарната политика согласно членот 60 од Уставот на Република Северна Македонија е во исклучива надлежност на Народната банка на Република Северна Македонија која практично претставува издвоена власт, посебна гранка која се грижи за финансиските аспекти и менаџирање на целосната монетарна политика преку акти, закони, правилници и одлуки кои ги донесува самостојно со цел стабилизација на денарот како платежно средство.

Истовремено, во Иницијативата подносителот наведува дека согласно членот 19 од оспорениот закон во кој е уредено дека финансиското друштво може да одобрува кредити, односно да одржува кредитно портфолио најмногу до десеткратниот износ на основната главнина и резервите, финансиските друштва емитуваат значителни пари во платниот промет и со тоа неминовен е заклучокот дека значајно влијаат на монетарната политика.

Во наведената Иницијатива подносителот укажува дека поради горенаведеното има упад во уставниот поредок со овие финансиски друштва кои се надвор од Уставната поставеност и поради тоа граѓаните и правните субјекти трпат секојдневна штета од големи размери и предлага времена мерка и бара итност во нејзиното постапување од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија, како и да ги поништи оспорените прописи.

Донесувањето на Законот за финансиските друштва во 2010 година беше со цел да се овозможи олеснет пристап до финансиски средства, диверзификација на финансискиот сектор, забрзан економски развој, зголемување на вработеноста и мобилизирање на надворешните извори на финансирање. Пред донесувањето на овој закон, регулативата за небанкарските финансиски активности (кредитирање, гаранции, факторинг и сл.) и недостигот на алтернативни извори за финансирање не доведе до развој на небанкарските финансиски институции и нивно адекватно позиционирање на финансискиот пазар во Република Северна Македонија.

Таквите состојби не кореспондираа со реалните потреби од финансиски средства, пред се на мали и средни претпријатија кои не можеа да одговорат на строгите стандарди за банкарски кредити. Истото се однесуваше и за граѓаните кои беа финансиски исклучени од финансискиот сектор. Состојбите не кореспондираа ниту со економските критериуми кои се претпоставка за членство во Европската Унија, а кои подразбираат способност на финансискиот сектор да ги насочи заштедите кон продуктивно инвестирање. Во оваа смисла една од препораките на Европската комисија од тоа време е Република Северна Македонија да ја зајакне финансиската интермедијација во небанкарскиот сектор и да го олесни пристапот до кредити.

Оттука, се оценува дека донесувањето на посебна регулатива за небанкарските финансиски институции кои вршат кредитирање во разни форми ќе придонесе за раст и развој на овој сегмент на финансискиот пазар.

Со донесувањето на Законот за финансиските друштва во 2010 година заклучно со февруари 2025 година на финансискиот пазар во Република Северна Македонија активно работат 27 финансиски друштва. Покрај банките и штедилниците како најпрепознатливи кредитори во земјата, финансиските друштва со нивното пазарно позиционирање придонесуваат за диверзификација на финансискиот сектор како и до олеснет пристап на финансиски средства пред се на граѓаните кои се финансиски исклучени од финансискиот систем како и малите и средни претпријатија кои не можат да одговорат на строгите стандарди за банкарските кредити. На овој начин иако нивното учество во финансискиот систем е мало (со учество од околу 1% во структурата на финансискиот сектор) истите имаат придонес за економскиот развој преку зголемување на вработеноста (и тоа директно - преку вработување во самите финансиски друштва, во кои заклучно со 30.6.2024 година бројот на вработени изнесува 1.136 и индиректно преку поддршката на малите и средни претпријатија) и мобилизирање на надворешните извори на финансирање.

Истовремено, како резултат на ограничувањето утврдено во член 19 од Законот за финансиските друштва, согласно кој финансиското друштво може да одобрува кредити, односно да одржува кредитно портфолио најмногу до десеткратниот износ на основната главнина и резервите, јасна е интенцијата на Министерството за финансии како предлагач на овој закон да се ограничи кредитирањето од страна на финансиските друштва со цел одржување на нивната финансиска стабилност, а со тоа и на финансиската стабилност на земјата во целина.

Оттука, укажувањето на подносителот на Иницијативата дека финансиските друштва емитуваат значителни пари во платниот промет и значително влијаат на монетарната политика, е укажување кое е базирано на претпоставки, а не на вистинските статистички податоци и показатели во финансискиот сектор кои укажуваат на спротивното. Дополнително, Народната банка како носител на монетарната политика, во ниту еден момент од 2010 година, кога е донесен Законот за финансиските друштва, па до денес, нема истакнато дека финансиските друштва влијаат на било каков начин врз монетарната политика во земјава.

Согласно Законот за финансиските друштва, Министерството за финансии издава дозволи за основање и работа и врши надзор над работењето на финансиските друштва. Притоа доколку се утврди дека конкретно финансиско друштво го прекршува Законот за финансиските друштва како и подзаконската регулатива, Министерството за финансии изрекува конкретни мерки коишто се на јасен и недвосмислен начин уредени во Законот за финансиските друштва.

Оттука, Законот на јасен и недвосмислен начин уредува дека Министерството за финансии е единствена институција која издава дозволи за основање и работа на финансиски друштва преку утврдени услови кои треба да ги исполни подносителот на барање за основање на финансиско друштво.

Оттука, погрешна е констатацијата на подносителот на Иницијативата дека за нивно основање потребна е и дозвола од Народната банка на Република Северна Македонија на што подносителот се повикува на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/23).

Поради оваа констатација, подносителот на Иницијативата бара поништување на Правилникот за начинот на вршење на надзорот над работењето на финансиските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.107/24).

Во овој контекст се укажува дека согласно член 31 став (3) од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва, финансиските друштва кои ја вршат само финансиската активност издавање и администрирање на кредитни картички беа должни најдоцна до 31 декември 2023 година да поднесат барање до Народната банка на Република Северна Македонија за добивање дозвола за давање платежни услуги согласно со Законот за платежни услуги и платни системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.90/22). Вака поставената законска одредба од членот 31 став (3) од овој закон е во насока на усогласување со Законот за платежни услуги и платни системи (*), согласно која само платежна институција може да ја врши финансиската активност издавање и администрирање на кредитни картички. На овој начин не постои двојно издавање на дозвола и од страна на Министерството за финансии и од страна на Народната банка на Република Северна Македонија за основање и работа на финансиско друштво бидејќи конкретната одредба е преодна одредба и истата се однесува само на финансиските друштва кои ја вршеа финансиската активност издавање и администрирање на кредитни картички. Досега, само едно финансиско друштво ја вршеше единствено оваа активност и истото поднесе барање до Народната банка на Република Северна Македонија согласно членот 31 став (3) од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/23). Согласно членот 31 став (6) од овој закон, Народната банка на Република Северна Македонија го извести Министерството за финансии дека има издадено дозвола за платежна институција на конкретното финансиско друштво, по што Министерството за финансии донесе Решение за одземање на дозволата за основање и работа на финансиското друштво согласно член 31 став (7) од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/23).

Оттука, а имајќи предвид дека одредбата од член 31 став (3) од Законот е преодна одредба и важеше од донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/23) односно од 28.7.2023 година до 31.12.2023 година, за основање на финансиско друштво е потребна дозвола исклучиво од Министерството за финансии и во ниту еден случај не е потребна никаква дозвола или согласност од Народната банка на Република Северна Македонија.

Со Правилникот за начинот на вршење на надзорот над работењето на финансиските друштва се пропишани основните постапки, правила и начинот на вршење на надзорот над финансиските друштва од страна на Министерството за финансии и подетално се уредија надлежностите на лицата овластени од министерот за финансии за спроведување надзор преку постојан вонтеренски надзор на работењето, редовен и вонреден теренски надзор, одржување контакти со членовите на органите на управување на финансиските друштва и соработка и размена на податоци и информации со други супервизорски органи. Со овој правилник, надзорот над работењето на финансиските друштва е базиран на ризик по примерот на останатите регулатори во земјава и странство.

Имено, Министерството за финансии врши надзор над финансиските друштва само врз основа на Законот за финансиските друштва и Законот за заштита на потрошувачи при потрошувачки кредити, особено од аспект на заштитата на потрошувачите. Освен Министерството за финансии, надзор над работењето на финансиските друштва врши и Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Министерството за внатрешни работи, Финансиска полиција и други надлежни органи. Оттука, финансиските друштва се предмет на надзор од повеќе институции во различни области.

Со зајакнувањето на регулаторната рамка за работење на финансиските друштва преку донесувањето на измените во законот во 2023 година и донесувањето на правилниците во 2024 година, на пазарот во Република Северна Македонија се потенцираше нивната сериозност и пристап во работата.

Истовремено, значително се подобри работењето на финансиските друштва со тоа што се воведоа значајни измени во начинот на работењето на друштвата и се унапреди правната рамка за работењето на финансиските друштва, особено од аспект на заштита на граѓаните на услугите на финансиските друштва. За таа цел Министерството за финансии континуирано ги следи промените во економијата и актуелните трендови со цел заштита на граѓаните од било какви непредвидливи трошоци, согласно актуелната ситуација во економијата, а во најдобар интерес на граѓаните.

Министерството за финансии согласно законите кои ја регулираат работата на финансиските друштва, вклучително и Законот за финансиските друштва, јасно ја определуваат надлежноста на Министерството за финансии да ги контролира и следи финансиските друштва, односно да спроведува надзорни активности врз истите. Ова е во согласност со правните норми кои ја регулираат работата на овие друштва, при што во ниту еден случај не се загрозуваат независноста и надлежностите на Народната банка утврдени во Уставот на Република Северна Македонија и Законот за Народната банка на Република Северна Македонија.



Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, 1000 Скопје | www.vlada.mk | info@vlada.mk

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија укажува дека оспорениот Закон за финансиските друштва и оспорениот Правилник за вршење на надзор над работењето на финансиските друштва, се во согласност со позитивните прописи на законодавството и истите не се спротивни со членот 60 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10), Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.169/10, 53/11, 112/14) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/22 и 154/23) и оценување на уставноста и законитоста на Правилник за начинот на вршењето на надзорот над работењето на финансиските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.107/24) како правно неоснована, односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на Законот за финансиските друштва, Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва и Правилникот за начинот на вршење надзор над работењето на финансиските друштва.

## Точка 15

Владата ја разгледа Иницијативата од Александра Илиева Милчова, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.19/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.173/22) и притоа го утврди следното мислење:

Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.173/22), е донесен во август 2022 година со цел регулирање на сметководствената професија согласно меѓународните стандарди и најдобрите практики во областа на сметководството, односно со истиот се доуредија критериумите за вршење на сметководствената професија и дејност на територијата на Република Северна Македонија.

Имено, со одредбите од член 1 од Законот, уредено е дека со Законот се уредуваат условите на вршење на сметководствени работи, субјектите кои вршат сметководствени работи, условите за стекнување со статус на сметководител и овластен сметководител, организацијата и работењето на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, како и други прашања кои се однесуваат на вршењето сметководствени работи.

Притоа, согласно одредбите од член 61 од Законот, Институт воспоставен согласно одредбите од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 188/13, 27/14, 154/15, 192/15, 23/16, 190/16 и 193/17) продолжува со работа согласно одредбите од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/22), односно не станува збор за основање на Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, како што наведува подносителот на Иницијативата.

Во насока на регулирање на сметководствената професија согласно меѓународните стандарди и најдобрите практики во оваа област, дел од одредбите на Законот се на линија со Меѓународниот стандард за едукација IES 6 „Оцена на професионалната способност и стручност“ на Меѓународната федерација на сметководители IFAC, кој утврдува дека:

„Професионалната способност и стручност на кандидатите треба да биде формално оценета пред квалификацијата за професионален сметководител да биде доделена. Оценувањето е одговорност на професионалното тело - членка на IFAC и треба да биде спроведено од професионалното тело - членка на IFAC или релевантно регулаторно тело во соработка со професионалното тело - членка на IFAC.“.

Оттука, испитот за проверка на знаењето е меѓународна пракса и е во насока на одржување на професионалното знаење на сметководителите и овластените сметководители и на довербата на јавноста во нивната работа. Правото на образование под еднакви услови не е загрозено од причина што Законот ги пропишува условите под кои сметководителот може да ја врши дејноста и тие услови се еднакви за сите, односно ги уредува барањата во врска со образование, обука и искуство за влез во професијата.

При тоа, една од основните цели на Законот за вршење на сметководствени работи е и зачленување на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија во IFAC, со цел прифаќање и воспоставување на меѓународни стандарди за професионално однесување во национални рамки и претставувањето на сметководствената професијата во меѓународни рамки.

Исто така, со одредбите од Глава VI од Законот се уредува вршењето на сметководствените работи и поднесувањето на годишната сметка. Притоа, со Законот се утврдени јасни, транспарентни и унифицирани критериуми за сите граѓани на Република Северна Македонија во поглед на можноста за вршење на сметководствени работи. На овој начин, Законот обезбедува почитување на одредбите од Уставот (достапноста на работното место на сметководител или овластен сметководител) под еднакви услови за секој граѓанин на Република Северна Македонија, при што не ги загрозува владеење на правото, правната заштита на сопственоста, слободата на пазарот и претприемништвото.

Водењето на сметководство, составувањето и поднесувањето на сметководствените искази во согласност со закон и прифатените сметководствени принципи, сметководствено прифатената практика и сметководствени стандарди има за цел точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, ажурно искажување на билансните позиции, состојбата на средствата, обврските, изворите на средства, приходите и расходите и резултатите од работењето на секој правен субјект, обезбедувајќи веродостојни податоци за финансиската состојба и работењето на субјектот.

Имајќи ги предвид измените и дополнувањата на Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.47/25), кој стапи на сила на 28.2.2025 година, согласно одредбите од член 10 став (1) и став (2) од Законот, Институтот е должен во рок од три дена од стапување на сила на Законот, во соодветниот регистар повторно да ги упише сметководителот, односно

овластениот сметководител кој поради непочитување на обврската за континуирано професионално усовршување времено биле избришани од регистрите и на тој начин да им овозможи да продолжат да вршат сметководствени работи.

До донесувањето на Законот за вршење на сметководствени работи во 2012 година, сметководствените работи ги вршеа лица без соодветна стручност и без регистрирана дејност, при тоа не беше пропишана законска одговорност во поглед на правилното водење на сметководството, ниту пропишана обврска за овластените сметководители со потпис да ја потврдат точноста на годишната сметка и финансиските извештаи.

Оттука, со донесувањето на Законот за вршење на сметководствени работи се овозможи водењето на сметководството да биде доверено на стручни и професионални лица чие професионално знаење и вештини се засноваат на тековниот развој во праксата, техниките и националното законодавство.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија укажува дека не постои неусогласеност на одредбите од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/22 и 47/25) со член 8 став 1 алинеја 4, член 9, член 32, член 44 став 2, член 45 и член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија во целост да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оцена на уставноста на Законот за вршење на сметководствени работи како неоснована, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој закон.

## Точка 16

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.12/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на точка 1 од Одлуката за давање согласност за присоединување на Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз Боров дол ДООЕЛ Радовиш кон Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш, бр.41-12385/7 од 31 декември 2024 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.2/25 од 3 јануари 2025 година и оценување на уставноста на членот 34 став 5 во делот „следува надоместок“ од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.7/19, 99/22, 129/23, 253/23 и 147/24) и притоа го утврди следново мислење:

Во однос на точка 1 од Одлуката за давање согласност за присоединување на Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз Боров дол ДООЕЛ Радовиш кон Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш, бр.41-12385/7 од 31 декември 2024 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.2/25 од 3 јануари 2025 година, се укажува дека истата е донесена во согласност со одредбите од член 48 од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.7/19, 99/22, 129/23, 253/23 и 147/24).

Имено, врз основа на член 48 од Законот за минерални суровини, во случај на присоединување, спојување и поделба на концесионерот потребно е добивање на претходна согласност од концедентот.
За добивање на согласноста, концесионерите се должни за намерата за присоединување, спојување и поделба да достават барање до концедентот.

Концедентот согласноста ја дава во писмена форма во рок од 30 дена, сметано од денот на доставувањето на барањето.

Доколку концедентот констатира дека со статусните измени кои се предвидуваат ќе настапи состојба со која ќе се наруши целта за која е доделена концесијата, концедентот ќе донесе одлука со која ќе го одбие предметното барање.

Од страна на концесионерите Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз Боров дол ДООЕЛ Радовиш и Друштво за  производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш, доставено е Барање за добивање на согласност за статусна промена кај концесионери бр.24-1401/1 од 16.3.2023 година, а согласно членот 48 од Законот за минерални суровини. Со Барањето се бара согласност за вршење на статусна измена присоединување на Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз Боров дол ДООЕЛ Радовиш кон Друштвото за  производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш, со тоа што по припојувањето, Друштвото Боров дол ДООЕЛ Радовиш ќе престане да постои.

Како причина за потребата од присоединување, во Барањето е наведено следното:

„Со планираната статусна промена, се планира припојување на целокупната актива и пасива на ДПТУ Боров дол ДООЕЛ Радовиш кон ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш со згаснување на ДПТУ Боров дол ДООЕЛ Радовиш. Со ова, ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш ги презема сите побарувања и обврски на ДПТУ Боров дол ДООЕЛ Радовиш, како и целокупните материјални и нематеријални средства, залихи на суровини, репроматеријали и готов производ.

ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш ќе ги преземе обврските по сите договори, дозволи и согласности издадени на ДПТУ Боров дол ДООЕЛ Радовиш и сите вработени.

Со настанатата статусна промена, нема промена на управувачкиот пакет кај концесионерот ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш, бидејќи и кај двете правни лица се јавува ист содружник-Солвеј индастрис Ести ОУ од Република Естонија. Со оваа статусна промена, ќе се овозможи рационализација на производствениот процес и намалување на административните трошоци кои во моментот ги имаат двете правни лица.“.

Имено, и двајцата концесионери поседуваат важечки договори за концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар.

Постапувајќи по член 48 став 4 од Законот за минерални суровини  (*)  („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана

на 31 декември 2024 година, донесе Одлука за давање согласност за присоединување на Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз Боров дол ДООЕЛ Радовиш кон Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш бр.41-12385/7 и истата е објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.2/25.

Во контекст на горенаведеното, се укажува дека не постои можност за арбитрерно толкување од кое било правно лице во однос на донесената одлука, од причина што има согласност од двајцата концесионери.

Во однос на оценување на уставноста на членот 34 став 5 во делот „следува надоместок" од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.7/19, 99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), се укажува дека истиот, односно надоместокот кој е предмет на оценување е во согласност со одредбите од член 34 од Законот за минерални суровини.

Имено врз основа на член 34 од Законот за минерални суровини, заради проверка и контрола во поглед на пропишаните мерки, стандарди и технички нормативи за заштита при работа, сигурноста на луѓето, на подземните, површинските и соседните објекти и заштитата на животната средина, како и во поглед на примената на современите достигнувања и методи во геологијата и другите научни и технички дисциплини над изработената геолошка документација се врши стручна оцена (ревизија).

Стручната оцена (ревизија) на геолошката документација ја врши Комисија за ревизија која ја формира Геолошкиот завод.

На претседателот и членовите на Комисијата за секоја извршена стручна оцена (ревизија), им следува надоместок, кој е на товар на подносителот на барањето за вршење на стручна оцена (ревизија).

Надоместокот е приход на Буџетот на Република Северна Македонија. Висината на надоместоците за вршење на стручна оцена (ревизија) е утврдена со Тарифник за утврдување на висината на надоместоците за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација и рударските проекти („Службен весник на Република Македонија" бр.155/15), додека за висината на надоместокот за претседателот и членовите на Комисијата е утврдена со Упатство за утврдување на висината на надоместокот за работа на претседателот и членовите на Комисијата за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација со бр.31-1532/1 од 26.11.2024 година.

Во контекст на горенаведеното, се укажува дека не постои можност за арбитрарен начин за определување на надоместокот.

Со оглед на сето горе наведено, може да се заклучи дека наведената Иницијатива е беспредметна, од причина што и во првиот и во вториот случај се работи за постапки кои се спроведени согласно законската пропишана постапка од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15,

192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 7/19, 99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на точка 1 од Одлуката за давање согласност за присоединување на Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз Боров дол ДООЕЛ Радовиш кон Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш, бр.41-12385/7 од 31 декември 2024 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.2/25 од 3 јануари 2025 година и оценување на уставноста на членот 34 став 5 во делот „следува надоместок" од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.7/19, 99/22, 129/23, 253/23 и 147/24).

**Точка 17**

Владата ја разгледа Иницијативата од Владо Мицковски од с.Вранештица, Кичево, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.6/2025 за оценување на уставноста на членот 67 став 4 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.274/22 и 255/24) и притоа го утврди следното мислење:

Со предметната Иницијатива се поведува постапка за оценување на уставноста на одредбите од член 67 став 4 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.274/22 и 255/24), од причина што со оспорениот член се повредувале одредбите од член 8 став 1 алинеи 3 и 6 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, според подносителот на Иницијативата, со оспорената одредба од Законот за шуми, повредена е гаранцијата на правото на сопственост со условување и ограничување на економското уставно право дека сопственоста е основа во управувањето и учество во одлучувањето.

Со условување на сосопственикот на поголем дел на сопственоста, ограничено е управувањето со сопственоста на мнозинскиот сосопственик врз целата ствар од малцинскиот сосопственик и управувањето со стварта во целост зависи од волјата на малцинскиот сопственик.

Оваа оспорена одредба му дава поголемо право врз стварта на малцинскиот сосопственик , таканаречено „право на вето" со негово нестававање на потпис на барањето за сеча во приватна шума, наспроти правото на мнозинскиот сосопственик.

Со горенаведеното од страна на подносителот на Иницијативата се тврди дека се нарушува темелните вредности од Уставот од член 8 став 1 алинеја 3 – владеење на правото и алинеја

6 – правна заштита на сопственоста, за што сметаме дека Законот за шумите со одредбата од член 67 став 4 точно ги обезбедува наведените одредби од уставот запазувајќи ги правата на сите сопственици подеднакво без оглед на сосопственичиот удел во имотот, односно во конкретниот случај во катастарски парцели под шума во заедничка сопственост. Во спротивен случај, како предлага предлагачот, да се овозможи користење на шума без согласност од сосопственикот кој има/поседува помал дел од шумата во секој случај е ставање во подредена позиција и занемарување на сопственичките права и во тој случај би се нарушиле наведените темелни вредности на уставот од член 8 став 1 алинеи 3 и 6 како и одредбите од член 30 став 3 од Уставот бидејќи со укинување на одредбата од член 67 став 4 од Законот за шумите би се одзеле, односно ограничиле правата на сопственост со исклучување од потпишување на согласноста за користење на шумата независно од големината на делот кој го поседува сосопственикот.

Исто така, во Иницијативата се наведува дека оспорената одредба од Законот за шумите е во спротивност со член 36 став 1 од Законот за сопственост и други стварни права, при што е цитирано „За преземање работи за редовно управување со ствартa е потребна согласност од сосопственици чиишто делови претставуваат повеќе од половина на вредноста на ствартa".

Предлагачот очигледно го горенаведената одредбата ја толкува само во своја корист притоа испуштајќи ги одредбите од истиот член ставовите 2,3 и 4 како и членот 37 ставови 1 и 2, коишто во случај на несогласување на сосопствениците околу користењето на заедничка сопственост/имот Законот упатува на судот.

Одредбата од член 67 став 4 од Законот за шумите ги запазува и води должна грижа подеднакво за правата на сопственост на сосопствениците без оглед на големината на нивниот дел од имотот/шумата. Законот за шумите не е закон каде би се решавале сосопственичките односи и нивните права.

За наведените случаи на несакање или одбегнување на давање на согласност за користење на шуми во заедничка сопственост на сопствениците им стојат на располагање повеќе механизми (физичка делба, вонпарнична постапка, со нотарски акт и сл.) за решавање на нивните несогласувања околу користењето на имотот/шумите.

Согласно ова Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на истата.

<u>**Точка 18**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Јовица Јовевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.15/2025 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 30 став (1) и став (2) од Законот за вршење на сметководствени работи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.173/22 и 47/25) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека обврската сметководителите и овластените сметководители задолжително да посетуваат обука за континуирано професионално усовршување, наведувајќи го бројот на часови кој е потребно да се помине во текот на обуката е наметната обврска која е спротивна на член 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22), се донесе во август 2022 година со основна цел регулирање на сметководствената професија согласно меѓународните стандарди и најдобрите практики во областа на сметководството.

Имено, согласно одредбите од Законот, за двете професионални звања сметководител и овластен сметководител Законот пропишува услови и постапка за полагање на испит за стекнување на статус сметководител, односно овластен сметководител и пропишува обврска за задолжително континуирано професионално усовршување за истите.

Имено, согласно член 30 став (1) и став (2) од Законот уредено е дека заради надградување на знаењето во областа на сметководството, сметководителите, односно овластените сметководители се должни да посетат обука за континуирано професионално усовршување од најмалку 90 односно 120 часа за период од три години, од кои сметководителот е должен да посети најмалку 24 часа во текот на една година, а овластениот сметководител да посети најмалку 32 часа во текот на една година.

При што првата година во која почнува да тече оваа обврска е годината која следи по годината во која сметководителот, односно овластениот сметководител е впишан во соодветниот регистар кој се води во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија.

Согласно став (5) од Законот, обуката ја спроведува Институтот и правни лица кои даваат услуги за советување и едукација од областа на сметководството, финансиите, даноците, корпоративното право и работните односи и имаат одобрение за спроведување на обуки издадено од Институтот, доколку ги исполнуваат условите утврдени во Законот.

Горенаведените законски одредби се согласно барањата на меѓународниот стандард за едукација IES 7: Континуиран професионален развој: програма за доживотно учење и континуиран развој на професионална компетентност на Меѓународната федерација на сметководители согласно кој: „Фундаменталниот принцип на Кодексот на етика на професионални сметководители на IFAC бара професионалниот сметководител да има континуирана обврска да одржува професионално знаење и вештини на ниво кое обезбедува дека клиентот или работодавачот добива стручни професионални услуги засновани на тековниот развој во праксата, законодавството и техниките". Според овој меѓународен стандард професионалните тела треба да бараат професионалните сметководители да развијат и одржуваат стручност, релевантна и соодветна на нивната работа и на професионалните одговорности.

Според барањата на Пристапот базиран на инпути (Input-based Approach) за континуирана професионална едукација утврден во Стандардот, професионалниот сметководител треба да заврши 120 часа релевантна активност за професионално усовршување во последователен тригодишен период, од кои 60 часа треба да бидат потврдени, да заврши 20 часа во секоја година и да следи и мери активности за учење за да ги исполни барањата во поглед на бројот на часови.

Исто така, горенаведените одредби од Законот се на линија и со Меѓународниот стандард за едукација IES 6 „Оцена на професионалната способност и стручност" на Меѓународната федерација на сметководители IFAC, кој утврдува дека: „Професионалната способност и стручност на кандидатите треба да биде формално оценета пред квалификацијата за професионален сметководител да биде доделена. Оценувањето е одговорност на професионалното тело - членка на IFAC и треба да биде спроведено од професионалното тело - членка на IFAC, или релевантно регулаторно тело во соработка со професионалното тело - членка на IFAC."

Притоа, една од основните цели на Законот за вршење на сметководствени работи е и зачленување на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија во IFAC, со цел прифаќање и воспоставување на меѓународни стандарди за професионално однесување во национални рамки и претставувањето на сметководствената професијата во меѓународни рамки.

Согласно горенаведеното, со одредбите од член 30 став (1) и став (2) од Законот за вршење на сметководствени работи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25) не се повредува владеењето на правото (член 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија) кое претставува темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Исто така, подносителот на Иницијативата укажува дека при поднесување на годишните сметки за 2023 година до Централниот регистар на Република Северна Македонија, на овластените сметководители не им било дозволено да потпишат и да поднесат годишни сметки, затоа што не посетувале континуирано професионално усовршување, укажувајќи дека истото е спротивно на член 55 став (1) од Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи ги предвид измените и дополнувањата на Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.47/25), кој стапи на сила на 28.2.2025 година, со одредбите од член 10 став (1) и став (2) од Законот уредено е дека сметководителот, односно овластениот сметководител кој поради непочитување на обврската за континуирано професионално усовршување времено е избришан од соодветниот регистар во Институтот продолжува да врши сметководствени работи, при што Институтот е должен овие сметководители да ги упише во соодветниот регистар во рок од три дена од стапување на сила на Законот.

Имено, со одредбите од член 10 став (1) и став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 47/25) не е оневозможено поднесувањето на годишни сметки во

Централниот регистар на Република Северна Македонија заради непочитување на обврската за континуирано професионално усовршување.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека не постои неусогласеност на одредбите од Законот за вршење на сметководствени работи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25) со член 8 став (1) алинеја 3 и член 55 став (1) од Уставот на Република Северна Македонија, поради тоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата од Јовица Јовевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.15/2025 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 30 став (1) и став (2) од Законот за вршење на сметководствени работи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/22 и 47/25), односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на оваа одредба од Законот.

## Точка 19

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1903 за КО Бардовци, на КП бр.695, викано место/улица „Шамак" и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 20

Владата го разгледа Известувањето од извршител Гордан Станковиќ, од Скопје, доставено под И бр.1504/18 за Заклучок за трета усна јавна продажба, која ќе се одржи на 2 април 2025 година, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1426, за КО Јурумлери-Вонград, на КП бр.577/1 и КП бр.577/2, викано место/улица „Солен Вир" и ги усвои мислењата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за катастар на недвижности, како и Известувањето од Министерството за транспорт.

## Точка 21

1. Владата го разреши Ристо Николоски, од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.

2. Владата го именува Ристо Николоски за заменик на директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Ивица Андов, од должноста вршител на должноста директор на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија.

4. Владата го именува Ивица Андов за директор на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го разреши Фисник Мела, од должноста вршител на должноста заменик - директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии.

6. Владата го именува Фисник Мела за заменик - директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата го разреши Бехар Емини, од должноста вршител на должноста директор на Фондот за осигурување на депозити.

8. Владата го именува Бехар Емини за директор на Фондот за осигурување на депозити.

9. Владата го разреши Александар Шуковски, од должноста член на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Пелистер - Битола, претставник од општините на чие подрачје се наоѓа националниот парк, на негово барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

10. Владата ја именува Кристина Бошевска Рутевска за член на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Пелистер - Битола, претставник од општините на чие подрачје се наоѓа националниот парк.

11. Владата на Златко Узуноски, државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Скопје, му утврди престанок на функцијата, заклучно со 20 април 2025 година, поради исполнување на услови за стекнување на правото на староснa пензија.

12. Владата на Саша Станчевски, државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Скопје, му ја продолжи функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Скопје, по исполнување на условите за старосна пензија за време од една (1) година до навршување на 65 години возраст, сметано од 12.5.2025 година, а заклучно со 11.5.2026 година.

13. Владата го одби како неосновано Барањето бр.18-2567/1 од 4.3.2025 година поднесено од Александар Наумоски разрешен од должноста претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, за остварување на право на плата по престанок на функцијата.

14. Владата го одби како неосновано Барањето бр.18-1506/1 од 6.2.2025 година поднесено од Слободан Близнаковски, разрешен од должноста директор на Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија Скопје, за остварување на право на плата по престанок на функцијата.

15. Владата го разреши Африм Идризи, од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Казнено поправна установа Затвор – Скопје.

16. Владата го именува Баки Мустафа за вршител на должноста заменик на директорот на Казнено поправна установа Затвор - Скопје и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

17. Владата го разреши Даут Мемиши, од должноста вршител на должноста директор на Бирото за регионален развој, орган во состав на Министерството за локална самоуправа.

18. Владата го именува Даут Мемиши за директор на Бирото за регионален развој, орган во состав на Министерството за локална самоуправа и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

19. Владата ја разреши Верица Каракашова, од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Иван Георгиев"– Пехчево, на нејзино барање.

20. Владата заклучи да не се реализира точка 31 од Предлогот кадровски прашања од Нацрт – записникот од Шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 март 2025 година.

21. Владата го разреши Шериф Мифтари, од должноста директор на Центарот за развој на стручното образование.

22. Владата го именува Бесник Зендели за вршител на должноста директор на Центарот за развој на стручното образование.

23. Владата ја разреши Аделина Алију, од должноста директор на Центарот за образование на возрасни.

24. Владата го именува Садудин Садики, за вршител на должноста директор на Центарот за образование на возрасни.

25. Владата заклучи да ѝ препорача на Агенцијата за управување со одземен имот да му предложи на Собранието на АД за промет на големо и мало со прехранбени и непрехранбени стоки, надворешно трговски промет, производство и услуги во прометот СЛАВИЈА извоз – увоз-Скопје, да ги отповика членовите на Надзорниот одбор на АД за промет на големо и мало со прехранбени и непрехранбени стоки, надворешно трговски промет, производство и услуги во прометот СЛАВИЈА извоз – увоз-Скопје: Иво Ѓаќина, Зејнула Елези и Лидија Ацовска, а за членови на Надзорниот одбор на АД за промет на големо и мало со прехранбени и непрехранбени стоки, надворешно - трговски промет, производство и услуги во прометот СЛАВИЈА извоз – увоз-Скопје да ги избере: Димитрија Димоски, Ивана Младеновиќ, Магдалена Хамбова, Сунај Рамадани и Сефер Зеќири.

26. Владата заклучи да ѝ препорача на Агенцијата за управување со одземен имот да му предложи на Надзорниот одбор на АД за промет на големо и мало со прехранбени и непрехранбени стоки, надворешно - трговски промет, производство и услуги во прометот СЛАВИЈА извоз –увоз-Скопје, од должноста членови на Управниот одбор на АД за промет на

големо и мало со прехранбени и непрехранбени стоки, надворешно - трговски промет, производство и услуги во прометот СЛАВИЈА извоз – увоз - Скопје да ги отповика: Игор Пертемов, Арменд Рамадан, Слаѓана Стаменкова и Расим Али, а за членови на Управниот одбор на АД за промет на големо и мало со прехранбени и непрехранбени стоки, надворешно -трговски промет, производство и услуги во прометот СЛАВИЈА извоз –увоз-Скопје да ги избере Анастас Ефремов, Расим Али, Елена Дојчиноска, Верица Каракашова и Ирена Николова, а за претседател кој носи назив генерален директор да го избере Расим Али.

27. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Управата за сигурност во железничкиот систем.

28. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во  три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Управата за финансиско разузнавање.

29. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во  два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Државниот инспекторат за труд.

30. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во  три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.

31. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на КПД Затвор - Штип.

32. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик директор на КПД од отворен вид Затвор, Струга.

33. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Бирото за процена.

34. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Центарот за развој на стручно образование.

35. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Центарот за образование на возрасни.

## Точка 22

**1.** По повод настанот одбележување на 8 Април - Меѓународниот ден на Ромите, кој ќе се одржи на 7 април 2025 година, Владата заклучи:

1) Министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, д-р Шабан Салиу, како одговорно лице за организацијата на оваа прослава, во соработка со м-р Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и претставници од Кабинетот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, да ја организираат прославата за одбележување на 8 Април - Меѓународниот ден на Ромите.

2) Се задолжува Министерството за финансии средствата одобрени за реализација на настанот, во износ од 2.000.000 денари (со вклучен ДДВ), дополнително да ги прераспредели од буџетот на Министерството за односи меѓу заедниците, Програма 16 „За одбележување на националниот ден на етничките заедници" во буџетот на Генералниот секретаријат на Република Северна Македонија.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за организирање на настанот во максимален износ од 1.000.000 денари и да ги преземе следните активности:

- да ја обезбеди салата на Националната опера и балет,

- да ангажира домашни и странски естрадни уметници, камерен оркестар или културно - уметничко друштво,

- да организира вечера за учесници и гости на прославата, во максимален износ од 100.000 денари,

- да организира снимање и фотографирање на настанот и

- да обезбеди сместување (ноќевање со појадок) на гостите од странство.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе следните активности:

- да организира коктел за присутните на прославата и

- да обезбеди декорација во салата (цветен аранжман), како и услуга за дизајн и графичка подготовка (до печатење).

5) Се задолжува Министерството за одбрана да ја разгледа можноста за обезбедување превоз за учесници и гости на прославата (10 автобуси и 10 минибуси), за потребите на настанот.

**2.** Владата, по повод укажувањето на проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со немањето кворум на седниците на основните комисии на Владата, им укажа на министрите и замениците министри редовно да присуствуваат на седниците на работните тела на Владата.

**3.** Владата, по повод одржаниот состанок на м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт со претставникот од страна на доверителот Цементарница Усје АД Скопје, а во врска со задолжението од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2025 година, точка 77, Прашања и предлози: „Информација за склучување на спогодба за плаќање на рати и ослободување од камата по правосилната и извршна пресуда на Основниот граѓански суд Скопје 52 ТС.6р.61/22 од 26.5.2023 година, во судскиот спор по тужба на тужителот Цементарница Усје АД Скопје против тужените Република Северна Македонија и Република Северна Македонија-Министерство за финансии", заклучи:

- Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија, да преземе дејствија и активности во насока на водење на преговори со доверителот Цементарница Усје АД Скопје, заради склучување на спогодба за плаќање на долгот на рати, како и евентуално делумно или целосно ослободување од плаќање на износот на пресметаната законска казнена камата, а врз основа на правосилната и извршна пресуда на Основниот граѓански суд Скопје 52 ТС.6р.61/22 од 26.5.2023 година, во судскиот спор по тужбата на тужителот Цементарница Усје АД Скопје против тужените Република Северна Македонија и Република Северна Македонија-Министерство за финансии и во рок од три дена да ја информира Владата за исходот од водените преговори.

**4.** Владата го разгледа Известувањето за доспеан долг од радиодифузерите, по основ на емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа кон А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука го усвои и заклучи:

1) Се задолжува Министерството за финансии да постапи по Барањето на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за проширување на Буџетот на Владата на Република Северна Македонија (раздел 04001) во износ од 31.733.00 денари кој се однесува на сметка од групата 785.

2) Ја донесе Одлуката за исплата на средства.

<u>Точка 23</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле" – Охрид, заклучно со декември 2024 година на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

<u>Точка 24</u>

Владата ја разгледа Информацијата за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Кочани.

<u>Точка 25</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од спроведување на постапка за јавна набавка на правни и инженерски консултантски услуги за инфраструктурни и други проекти според FIDIC договори и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да направи изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2025 година, со цел да се предвиди распишување на постапка за јавна набавка на правни и инженерски консултантски услуги за инфраструктурни и други проекти според FIDIC договори.

2. Се задолжува Министерството за финансии, при следниот предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, односно ребалансот на Буџетот на Република Северна Македонија, да обезбеди средства на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во износ од 5.000.000,00 (пет милиони) евра за спроведување на повеќегодишна јавна набавка (рамковна спогодба) за консултантски услуги за период од три години.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на главен колектор и станица за пречистување на отпадни води во с. Трпејца, Општина Охрид – I фаза и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025 и 2026 година на Министерството за транспорт, за изградба на главен колектор и станица за пречистување на отпадни води во с. Трпејца, Општина Охрид – I фаза, во вкупна вредност од 61.210.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2025 година – средства во износ од 15.000.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2026 година – средства во износ од 46.210.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Реконструкција на водовод и фекална канализација на ул. „Асном“, ул. „Боро Милевски“, ул. „Рудо“, ул. „Христијан Тодоровски Карпош“ и за Ромска населба „Света Недела“ и реконструкција на водоснабдување на м.в. Новакова Чешма и м.в. Плуждино, во Општина Штип и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за превземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025 и 2026 година на Министерството за транспорт, за Реконструкција на водовод и фекална канализација на ул. „АСНОМ“, ул. „Боро Милевски“, ул. „Рудо“, ул. „Христијан Тодоровски Карпош“ и за Ромска населба „Света Недела“ и реконструкција на водоснабдување на м.в. Новакова Чешма и м.в. Плуждино, во Општина Штип, во вкупна вредност од 47.300.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2025 година – средства во износ од 15.000.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2026 година – средства во износ од 32.300.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за содржината на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи во областа на културата за 2025 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи во областа на културата за 2025 година.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата во врска со доставените писма за интерес од единиците на локалната самоуправа за потребата од набавка на еколошки автобуси за јавен превоз, со табеларен преглед и условно ја усвои Информацијата, доколку Министерството за финансии се произнесе со мислење по истата.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за статус на големиот ИПА проект „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и проширување на канализационата мрежа во Тетово" и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да постапи согласно препораките и коментарите од Версото од ДЕУ од 25.2.2025 година, како и согласно новиот ПРАГ, објавен на 20.1.2025 година, да подготви тендерската документација за преговарање и истата да ја достави до ЦФЦД на одобрување во најбрз можен рок.

2. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори, да ја откаже постапката за Лот 1 и да побара од ДЕУ да одобри спроведување на постапка за преговарање.

3. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори, по одобрување на тендерска документација за преговарање од страна на ДЕУ, да ја отпочне постапката за преговарање со компаниите кои имаат технички исправна понуда од претходната тендерска постапка.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја информира Владата за исходот од постапката за преговарање, веднаш, по завршување на постапката, а по добивање на известување од страна на Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерство за финансии.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13 : 20 часот.

**Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Хасим Муртезани**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**